Здружение ХОПС-
Опции за здрав живот Скопје
Бр. 03-438/1
11.06 2015 год.
СКОПЈЕ

ХОПС
ОПЦИИ ЗА ЗДРАВ ЖИВОТ СКОПЈЕ

Ул. Христо Смирненски 48-1/6,
1000 Скопје, Македонија
Тел/факс: +389 2 3 246 210
hops@hops.org.mk - www.hops.org.mk

ХОПС - ОПЦИИ ЗА ЗДРАВ ЖИВОТ СКОПЈЕ
Добитник на Меѓународната награда за ХИВ/СИДА и човекови права за 2010 година

**До:** Медиуми

**Од:** Здружение ХОПС –Опции за здрав живот Скопје

**Предмет:** Соопштение за медиуми

---

Почитувани,

Здружението ХОПС-Опции за здрав живот Скопје продолжува со активности со цел прашањето за децата кои употребуваат дроги да добие поголема видливост и јавноста повеќе да се запознае со проблемите со кои се соочуваат овие деца. Во таа насока започнуваме со видео кампања поддржана од 17 здруженија на граѓани: Прва детска амбасада во светот Меѓаши, Здружение за заштита на правата на детето, Црвен крст на Република Македонија, Национален младински совет на Македонија, Коалиција "Сексуални и здравствени права на маргинализирани заедници", ХЕРА, ХЕЛП-Гостивар, Опција-Охрид, Пулс-Куманово, Центар за развој и унапредување на јавниот живот-Тетово, Виа Вита-Битола, Зона-кавадарци, Младински клуб-Штип, Ц'дрим, Сумнал, Ромски ресурсен центар и Ц.С.И. Надеж.

Во текот на кампањата ќе бидат презентирани 5 видеа кои ги опфаќаат од различен аспект проблемите со кои се соочуваат децата кои употребуваат дроги.

Во прилог ви испраќаме линк до првото видео кое се однесува на генералната состојба со децата кои употребуваат дроги и првиот проблем со кој се соочуваме во пракса-недостатокот на информации за бројноста на овие деца:
https://www.youtube.com/watch?v=OPMZ7zpsKJM&feature=youtu.be
https://www.youtube.com/watch?v=0XDhApUdZvM&feature=youtu.be

Во Македонија не постојат точни податоци колку деца употребнуваат дроги. Податоците со кои располагаме се парцијални и доаѓаат или од терен (кои најчесто се однесуваат на децата на улица) или од истражувања кои ја опфаќаат средношколската популација.

ХОПС до сега има контактирано 76 деца кои употребуваат дроги, од кои 32 се контактирани од јануари 2014 до сега. Најмалите деца со кои е контактирано се 3 годишно дете кое инхалира лепак и 8 годишно дете кои инјектира хероин. Од децата кои ХОПС ги има контактирано, 3 се починати во 2011 и 2012. Според податоците добиени од центрите за превенција и третман на лица кои употребуваат дроги во последниве три години нема ниту едно дете под 18 години кое е на

третман со метадон и бупренорфин.

Според истражувањата на ЕСПАД во 2012 година 8,7% од испитаните деца корителе марихуана во текот на животот; 3,75% употребувале екстази; 2,18% имаат користено инхаланти; хероин 0,6 %; а droги інјектирале 0,6%. Оваа година во тек е ново истражување на ЕСПАД кое треба да ни ја претстави сегашната состојба.

Не знаеме колку точно деца во Македонија употребуваат дроги, но знаеме дека се уште нема програми за третман и нема програми за ресоцијализација на тие деца.

Со почит,

Христијан Јанкулоски
Извршен директор

Здружение ХОПС-Опции за здрав живот Скопје СКОПЈЕ

ХОПС - ОПЦИИ ЗА ЗДРАВ ЖИВОТ СКОПЈЕ